# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## АВГУСТ 2025 г.





**Изградба на водовод на улицата „563“ во Кочани**

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски го потпиша договорот со Министерството за животна средина и просторно планирање за реализација и на проектот „Изградба на водовод на улицата 563 во Кочани“.

За изградба на водоводот на улицата „563“ Министерството, преку Програмата за инвестирање во животната средина, го додели побараниот износ од 2.453.810 денари, со вклучен ДДВ.

Улицата „563“ се наоѓа во Лесна Индустрија, а водоводниот крак што ќе се гради е со должина од 430 м. Лани, со средства од истата програма на Министерството за животна средина, на овој потег беше поставена канализациска мрежа.

Реализацијата на проектот ќе започне по спроведување на постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач.







**Општински делегации положија свежо цвеќе по повод Илинден**

По повод големиот национален празник Илинден, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, со членови од Советот на Општината и делегации од Сојузот на Здружението на борците од НОВ и од локални ограноци на политички партии положија свежо цвеќе на Споменикот на слободата, споменикот на Никола Карев и на бистите на Љупчо Сантов и Раде Кратовче во Паркот на Револуцијата.

Во честитката што ја упатува Крстевски по повод Илинден, вели:

– Во име на Општина Кочани и во својство на вршител на должноста градоначалник, упатувам искрени честитки по повод големиот национален празник Илинден – симболот на вековната борба за слобода, правда и достоинство.

Илинден ја обединува храброста и визијата на нашите предци од две етапи на македонската историја – 1903 и 1944 – предци кои се бореа и се изборија за идеалот на слободна Македонија. Денес, таа историја ни дава сила да продолжиме да ја градиме нашата заедница со почит, одговорност и единство.

Оваа година го одбележуваме Илинден со тага во срцето, сеќавајќи се на трагичните настани од 16 март, кои длабоко нè потресоа и засекогаш нè променија. Во спомен на загинатите, да останеме сплотени и да продолжиме да создаваме општество на солидарност, човечност и надеж.

Нека Илинден ни биде потсетник на минатото, но и поттик за заедничка иднина исполнета со достоинство и почит.




**Отчет за стоте дена работа на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски**

Венко Крстевски објави отчет за стоте дена работа како вршител на должноста градоначалник на Општина Кочани. Во воведот, обраќајќи им се на своите сограѓани, тој потенцира дека првите 100 дена од мандатот како в. д. градоначалник покажуваат дека Кочани може и мора да оди напред.

– Обезбедивме над 487 милиони денари за проекти, некои веќе завршени, некои во тек – од витално значење за нашиот град. Инвестираме во инфраструктура, безбедност, социјална поддршка и развој. Со упорност и работа го поставуваме Кочани на патот на обновата и напредокот – вели Крстевски.

| | |
|---|---|
| | Отчетот ги содржи најзначајните проекти и активности во периодот по 14 април 2025 година. |
|  | **„Лето во друштво“ – програма за млади креирана според нивните потреби**<br><br>Од 11 до 23 август во Кочани и околината ќе се случуваат разновидни активности за млади, креирани според нивните потреби.<br><br>ЦПКА-Малинска ги праша младите од Кочани, Чешиново-Облешево, Штип, Виница и Пробиштип како се чувствуваат во последниот период и кои се нивните потреби. Внимателно се слушнати 289-те млади кои одговорија на прашалникот и е понудена програма по нивна мерка.<br><br>Така настана летната програма за млади „ЛЕТО ВО ДРУШТВО“ што ја креираше тимот на ЦПКА-Малинска, во соработка со професионалци кои понудија спортски, уметнички, едукативни и психолошки работилници и активности. Заедно со соработниците и волонтерите од Кочани, со голема посветеност и љубов се креирани содржини за младите од Кочани и регионот.<br><br>Домаќини на програмата се Локалниот младински совет – Кочани и Општина Кочани<br><br>На крајот од програмата ќе се одржи изложба на која младите ќе ги споделат своите дела со јавноста. |
| <br> | **Започна еразмус-проектот за реинтеграција на младите преку меѓудисциплинарни пристапи**<br><br>На средба на проектните партнери во Кочани, беше официјализиран почетокот на проектот Y-REACH – Реинтеграција на младите преку меѓудисциплинарни пристапи, што преку програмата Еразмус плус ќе се реализира наредниве две години.<br><br>Партнери во проектот се: Општина Св. Ана од Гвадалуп – Франција и невладината организација Men A Lespwa – Асоцијација за помош на реформската црква во Гвадалуп – Франција; Општина Пазарџик од Бугарија и НВО Фонд за превенција на криминалот ИГА од Бугарија, како и Општина Кочани и Здружението на Роми „Авена“.<br><br>Целта на проектот е да се дизајнира и имплементира меѓудисциплинарна програма за пренасочување на адолесценти.<br><br>– За жал, во последниве години сè побројни се проблемите |





со кои се соочуваат адолесцентите, како што се криминалот, зависностите, менталните болести. Општина Кочани прави напори за нивна превенција, но мора да признаеме дека тие бараат системски пристап – рече во почетното обраќање Аника Илијевска Ѓорѓиева, координаторка на проектот.

Илијевска Ѓорѓиева додаде дека податоците покажуваат дека криминалот меѓу младите расте, а најголем дел од новите дела се сторени од млади престапници кои повториле кривични дела што покажува слабости во постојните програми за превенција и реинтеграција.

– Задоволни сме што со овој проект ќе работиме со младата популација којашто доаѓа во судир со законот, со цел да ги заштитиме и да ги интегрираме во општеството вклучувајќи ги во меѓудисциплинарна програма за пренасочување на адолесценти за животни и работни вештини, во онлајн платформа за учење, што сметаме дека ќе претставува одлична подлога за работа со оваа целна група – додаде Илијевска-Ѓорѓиева.

Претставниците на проектните партнери се сретнаа и со в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, со кого ги споделија првичните впечатоци и разговараа за идните проектни задачи.





**Кочанци имаа можност да ја набљудуваат Месечината со телескоп**

Во Градскиот парк во Кочани, Скопското астрономско друштво овозможи набљудување на Месечината со телескоп.

Граѓани на различна возраст го погледнаа одблизу природниот сателит на Земјата.

– Имавме идеја да ги покажеме небесните тела, но во овој период може да се види само Месечината. Сега сме два-три дена пред полна Месечина и многу убаво можат да се видат кратери – истакна Радан Митровиќ, член на Скопското астрономско друштво.

Активноста е својевидна најава за содржините од програмата за млади „Лето во друштво“, којашто ќе трае од 11 до 23 август во организација на ЦПКА-Малинска, Општина Кочани, Локалниот младински совет – Кочани и Сапорт Кочани.





**Крстевски на средба со Иван Георгиев – еден од најнаградуваните средношколци од Кочани**

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски оствари средба со Иван Георгиев, средношколец во СОУ „Љупчо Сантов“ од Кочани, кој минатата учебна година се врати со три државни награди од натпреварите по програмирање, физика и англиски јазик, беше пофален на Македонската олимпијада по информатика и се најде во 25-те средношколци – топ математичари на UltiMATH.

– Георгиев е еден од младите амбасадори на Кочани, кои со знаење чекорат напред и се пример што треба да го следат новите генерации. Разговаравме за неговите интереси и амбиции во натамошното образование и му подарив врамена слика од фриз од Споменикот на слободата во Кочани. Тоа вообичаено е подарок за дипломатските претставници, а целта ми е да го мотивирам за следни успеси и да упатам јасна порака за поддршка на младите – рече в. д. градоначалникот Крстевски по средбата со Георгиев.

Иван Георгиев истакна дека е посебно радосен што со освоените награди влијае и на рејтингот на училиштето каде што се образува.







**Градоначалникот на Општина Лајонс Кристофер Гети во посета на Кочани**

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски го прими во посета Кристофер Гети, градоначалникот на Општина Лајонс од Илиноис во Соединетите Американски Држави.

– Доаѓам во Кочани, општина со која сме збратимени, за да пренесам поддршка и добра волја по трагедијата што се случи овде. Општина Лајонс останува посветена на поттикнување на меѓународното пријателство и соработка и заедно со нејзините жители стои здружено со граѓаните на Кочани во ова тешко време, нудејќи искрено сочувство и непоколеблива поддршка – рече градоначалникот Гети, кој потпиша писмена прокламација за продолженото пријателство меѓу општините.

Заблагодарувајќи се за поддршката, Крстевски ги истакна напорите за нормализирање на животот по несреќата во Кочани и потребата за коренити системски промени што ќе влијаат на квалитетот на функционирањето на заедницата.

Градоначалникот Гети и делегацијата од Лајонс ја посетија ТППЕ – Кочани и во чест на херојските дела на кочанските

| | |
|---|---|
| | пожарникари и многуте спасени животи за време на трагичниот пожар во „Пулс“, на командирот Драган Апостолов му подарија пожарникарска секира од Противпожарната служба на Општина Лајонс.<br><br>Соработката на Општина Кочани со американската општина Лајонс, којашто се наоѓа во непосредна близина на Чикаго, започна пред една година по иницијатива на кочански иселеници во САД. |
| <br> | **Проекција на краткиот филм „Налепница“ и разговори со Унковски и Коцев**<br><br>Во рамките на програмата за млади „Лето во друштво“, на Летната сцена на Центарот за култура „Бели мугри“ во Кочани беше прикажан краткиот филм „Налепница“, по сценарио и во режија на Георги М. Унковски.<br><br>Публиката имаше можност да разговара со режисерот Унковски и со актерот Сашко Коцев, кој ја игра главната улога. Гостите говореа за инспирацијата, снимањето на филмот, локациите, за необичните случки...<br><br>„Налепница“ е краток филм за нашето трагикомично секојдневие, победник на меѓународниот фестивал за краток филм „Ин д палас“ во 2020 година, а потоа многукратно наградуван.<br><br>Програмата за млади „Лето во друштво“ ја подготви и реализира Центарот за психосоцијална и кризна акција Малинска во соработка со Општина Кочани, Локалниот младински совет Кочани и Сапорт Кочани. |
|  | **Заврши рехабилитацијата на улицата „Цар Самоил“ во Кочани**<br><br>Заврши рехабилитацијата на улицата „Цар Самоил“ во Кочани.<br><br>Изведувачот на работите „Стоименов“ работеше на потег долг 600 м, со ширина 5 метри. Со рехабилитацијата е опфатен и дел од улицата „Христијан Карпош“.<br><br>Средствата во износ од 3.558.467 денари се од Буџетот на Општина Кочани. |
| | **Крстевски: Кочани дише полесно – состојбата со Градската депонија е триумф за животната средина во регионов**<br><br>Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски ја оцени како голема победа за |





Кочани и Кочанската Котлина состојбата со Градската депонија, која и покрај екстремно високите летни температури летово ниеднаш не се запали.

– Депонијата во Кочани која со години ни го труеше воздухот поради лош менаџмент и го загрозуваше нашето загарантирано право на чист воздух, не се запали ниту еднаш. Чистиот воздух е од клучно значење за сите нас, особено за повеќе од 12.000 наши сограѓани кои се соочуваат со респираторни заболувања. Чистиот воздух значи подобро здравје, полесно дишење и подобар квалитет на живот за секој од нив, како и за сите нас – истакнува в. д. градоначалникот.

Крстевски додава дека оваа состојба се должи на напорна работа – депонијата е покриена со земја, а шансите за самозапалување се минимални. Тој нагласи дека ќе ги продолжи ангажманите депонијата никогаш повеќе да не биде закана по здравјето и чистотата на Кочани, кое заслужува враќање на приматот најчист град.





**Заврши програмата за млади во Кочани „Лето во друштво“**

Со изложба на фотографии од одржаните настани, поставена во Градскиот парк во Кочани, завршија активностите наменети за млади од програмата „Лето во друштво“.

– Ниедна помош во овој период нема толку силно значење како што е оваа, од Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“, кој претходните две недели им се посвети на младите и на нивното закрепнување по трагедијата што ни се случи во Кочани. Нашиот главен фокус е кон луѓето, нашите напори се насочени кон младите, на кои им треба креативно канализирање на нивната енергија – рече пред присутните в. д. градоначалникот Венко Крстевски.

Изразувајќи благодарност кон сите учесници на настаните и на волонтери од Локалниот младински совет – Кочани, претставниците на „Малинска“ им доделија сертификати.

Лина Ќостарова-Унковска, директорката на Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“, истакна дека замислата на програмата „Лето во друштво“ е поврзувањето на луѓето, поддршка во процесот на заздравување со настојување тагата по загубените во трагедијата да се трансформира во надеж.

Настанот во Градскиот парк заврши со ритуал во сеќавање на починатите во несреќата.





**На Поникваа – трет едукативен камп по информатика**

Во организација на Здружението „Бистри умови“, со поддршка од Здружението на информатичари на Македонија и од Општина Кочани, неделава десетина најдобри и талентирани млади информатичари од Македонија учествуваат на подготвителниот камп за националните информатички тимови.

Ментори на најдобрите информатичари од Македонија се професори од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – ФИНКИ, кои истакнуваат дека покрај онлајн подготовките, ова се вистински подготовки кога сите ученици се на едно место 24 часа, со можност да им се пренесе што повеќе знаење. Во подготовките помагаат и студенти од ФИНКИ кои претходно учествувале на меѓународни натпревари.
Поддршка за идните настапи на меѓународна сцена на младите информатичари им даде в. д. градоначалникот Венко Крстевски, кој со организаторите и со менторите размени мислења за можностите за натамошно унапредување на соработката.

Претседателката на „Бистри умови“ Анита Атанасова-Грчев соопшти дека здружението организира и неколкумесечни бесплатни курсеви по математика и информатика, на кои претходната година учествувале 1700 ученици од цела Македонија.

Годинашнава светска олимпијада по информатика веќе се одржа во Боливија, каде што македонските информатичари постигнаа досега најдобри резултати – два сребрени медала. Претстојат Балканската олимпијада што ќе се одржи во Италија, Европската јуниорска олимпијада – во Шумен во Бугарија и Балканската јуниорска олимпијада во Кипар.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**